**ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА



Скопје, март 2011 година

# ВОВЕД

*Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд во Републиката, согласно Уставот на Република Македонија и Законот за судовите, своите функции и надлежности во текот на 2010 година ги вршеше со одлучување по вонредните правни лекови во кривичната и граѓанската област. Врховниот суд на Република Македонија во извештајната година постапувал во прв и втор степен по барањата на странките за заштита на правото на судење во разумен рок, како и по жалби против одлуки на Управниот суд.*

*Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите, Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, Седница на судиите, седници на одделите, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите, ратификуваните меѓународни договори, а особено за воедначување на судската пракса.*

*Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година во Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела, Одделот за судење во разумен рок и податоци за работата на специјализираните совети.*

*Прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.*

## I. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Врховниот суд на Република Македонија во 2010 година постапувал по вкупно **5.404** предмети од сите видови согласно надлежноста на Судот.

**Одделот за казниви дела** во 2010 година имал во работа вкупно **923** предмети. Од нив **784** предмети се новопримени, а од претходната година останале нерешени **139** предмети. Во текот на годината, советите решиле **824** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **99** предмети по сите основи.

**Одделот за граѓански дела** во 2010 година имал во работа вкупно **2.491** предмет од надлежност на Врховниот суд на Република Македонија во граѓанската област, од кои **861** нерешени предмети од претходната година и **1.630** новопримени предмети во текот на годината. Од вкупниот број предмети во работа, советите во овој оддел решиле **1.228** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **1.263** предмети.

**Во Одделот за судење во разумен рок** советите **во прв степен** во извештајната година имале вкупно во работа **548** предмети, од кои **123** предмети останале нерешени од 2009 година, а во 2010 година новопримени се **425** предмети.

Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **396** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **152** предмети.

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **209** предмети. Во текот на годината решени се **187** предмети по жалби, а останале нерешени **22** предмети.

**Во 2010 година специјализираните совети** имале вкупно во работа по сите основи **1.233** предмети, а тоа се жалби против одлуките на Управниот суд, жалби против одлуките на Управниот суд по барањата за донесување на времени мерки и барања за заштита на законитоста во управна постапка. Од нив

во текот на извештајната година, решени се **732** предмети, а останале нерешени **501** предмет.

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 1.1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

**Одделот за казниви дела** во 2010 година, вкупно во работа имал **923** предмети по сите основи. Од нив **784** се новопримени во текот на годината, а од претходната година останале нерешени вкупно **139** предмети.

Советите во Одделот за казниви дела во извештајната година решиле **824** предмети, а на крајот на годината останале **99** предмети по сите основи.

Во 2009 година во Одделот за казниви дела, примени се **760** предмети, а во 2010 година приливот бил поголем за **24** предмети.






### 1.1.1.Структура на решените предмети

Структурата на решените предмети по видот на кривичните дела по поднесените барања за вонредно преиспитување на правосилна пресуда -**КВП** вкупно 395 предмети, е следна:

- 23 предмети за кривично дело – Убиство;
- 2 предмети за кривично дело – Убиство на миг;
- 5 предмети за кривично дело – Телесна повреда;
- 18 предмети за кривично дело – Тешка телесна повреда;
- 2 предмети за кривично дело – Учество во тепачка;
- 1 предмет за кривично дело – Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница;
- 1 предмет за кривично дело – Противправно лишување од слобода;
- 2 предмети за кривично дело – Грабнување;
- 1 предмет за кривично дело – Малтретирање во вршење на службата;
- 1 предмет за кривично дело – Клевета;
- 1 предмет за кривично дело – Навреда;
- 10 предмети за кривично дело – Силување;
- 2 предмети за кривично дело – Обљуба врз немоќно лице;
- 6 предмети за кривично дело – Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години;
- 1 предмет за кривично дело – Обљуба со злоупотреба на положбата;
- 2 предмети за кривично дело – Задоволување на полови страсти пред друг;
- 6 предмети за кривично дело – Посредување во вршење на проституција;
- 4 предмети за кривично дело – Затајување;
- 42 предмети за кривично дело - Неовластено производство и пуштање во промер на наркотични дроги, психоптропни супстанции и прекурсори;
- 2 предмети за кривично дело – Овозможување на употреба на наркотични droги;
- 1 предмет за кривично дело – Тешки дела против здравјето на луѓето;
- 4 предмети за кривично дело – Кражба;
- 35 предмети за кривично дело – Тешка кражба;
- 25 предмети за кривично дело – Разбојништво;

- 1 предмет за кривично дело – Разбојничка кражба;
- 23 предмети за кривично дело – Измама;
- 1 предмет за кривично дело – Измама при добивање кредит или друга погодност;
- 8 предмети за кривично дело - Изнуда;
- 1 предмет за кривично дело – Фалсификување пари;
- 1 предмет за кривично дело – Оштетување туѓи права;
- 1 предмет за кривично дело – Повреда на правото на штрајк;
- 1 предмет за кривично дело – Злоупотреба на избирачкото право;
- 1 предмет за кривично дело – Незаконито вселување;
- 2 предмети за кривично дело – Незаконит риболов;
- 3 предмети за кривично дело – Оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем;
- 1 предмет за кривично дело – Прикривање;
- 2 предмети за кривично дело – Изнесување, односно извезување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости;
- 1 предмет за кривично дело – Казнување на најтешките форми на кривичните дела;
- 1 предмет за кривично дело – Повреда на чувањето на државната граница;
- 1 предмет за кривично дело – Изнуда во службата;
- 3 предмети за кривично дело – Противзаконито посредување;
- 14 предмети за кривично дело – Фалсификување исправа;
- 1 предмет за кривично дело – Употреба на исправа со невистинита содржина;
- 1 предмет за крвично дело – Сквернавење на гроб;
- 14 предмети за кривично дело – Криумчарење на мигранти;
- 2 предмети за кривично дело – Криумчарење;
- 2 предмети за кривично дело – Даночно затајување;
- 4 предмети за кривично дело – Предизвикување на општа опасност;
- 3 предмети за кривично дело – Тешки дела против општата сигурност;
- 4 предмети за кривично дело – Загрозување на безбедноста во сообраќајот;
- 33 предмети за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот;

- 20 предмети за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување;
- 2 предмети за кривично дело – Проневера во службата;
- 4 предмети за кривично дело – Примање поткуп;
- 2 предмети за кривично дело – Неизвршување на судска одлука;
- 6 предмети за кривично дело – Спречување службено лице при вршење службено дејствие;
- 2 предмети за кривично дело – Напад на службено лице при вршење на работи на безбедноста;
- 6 предмети за кривично дело – Насилство;
- 18 предмети за кривично дело – Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи;
- 1 предмет за кривично дело – Фалсификување или уништување на деловни книги;
- 3 предмети по Законот за прекршоци;
- 3 предмети по Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- 2 предмети по Законот за акцизи и
- 1 предмет за кривично дело по Законот за чек

Од вкупно решени 395 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

- 330 предмети со 1 обвинето лице;
- 31 предмет со 2 обвинети лица;
- 11 предмети со 3 обвинети лица;
- 5 предмети со 4 обвинети лица;
- 1 предмет со 6 обвинети лица;
- 1 предмет со 7 обвинети лица;
- 1 предмет со 8 обвинети лица и
- 1 предмет со 13 обвинети лица

### 1.1.2.Начин на одлучување

**Состојбата на предметите по барањата за заштита на законитоста-КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија е следна:

Од вкупно решените 60 барања, 2 се отфрлени, а 5 се одбиени како неосновани. Во уважените барања во 53 предмети, укината е првостепената и второстепената пресуда во 31 предмет, во 12 предмети е укината само второстепената пресуда, во 5 предмети е констатирана повреда на КЗ, во 6 предмети е донесена ослободителна одлука, во 4 предмети е преиначена одлуката и во 2 предмети е запрена постапката.

По апелациони подрачја 31 предмет биле од Апелациониот суд Скопје, 13 предмети биле од Апелациониот суд Битола, 9 предмети биле од Апелациониот суд Штип и 7 предмети биле од Апелациониот суд Гостивар.

Исто така, со едно лице имаме 54 предмети, со 2 лица 8 предмети, со 3 лица 9 предмети, со 5 лица 15 предмети, а вкупно осудени лица се 83. При ова, мора да се констатира дека барањата за заштита на законитоста споредени со минатата година, покажуваа пораст за 100% и сите тие предмети во текот на извештајната година се решени од кои останале само 11 нерешени предмети.

**Состојбата на предметите во постапка на трет степен - ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

Од 2009 година останале нерешени 3 предмети, новопримени се 11 предмети, во 4 предмети жалбата е отфрлена, во 13 предмети е потврдена второстепената пресуда, во 1 предмет е укината поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, во 7 предмети има потврдена пресуда, во 1 предмет од други причини е преиначена одлуката, а останал 1 нерешен предмет на крајот на годината. Исто така и кај овие предмети се забележува зголемен број на предмети пред Врховниот суд на Република Македонија.

**Состојбата по предметите за вонредно ублажување на казната - ВУК** е следна:

Од 2009 година останале нерешени 40 предмети, новопримени во 2010 година се 273 предмети, вкупно во работа биле 313 предмети од кои решени се 297 предмети, нерешени 16, а по видот на одлуката 262 се одбиени, 32 уважени и 3 предмети се решени на друг начин.

### 1.1.3.Траење на постапката

Во однос на времетраењето на постапката по предметите пред Врховниот суд на Република Македонија од приемот на предметите во Одделот за казниви дела до нивно решавање и експедиција, може да се констатира дека во 2010 година ажурно се постапувало по сите видови предмети. По одделен број на предмети не можело веднаѓ да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, постапката траела подолго во фаза на проучување на предметот, а било потребно и време за закажување и одржување на јавни седници на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се вратат на судовите, или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата, на кого му бил распределен предметот со преписка, со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети, кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала. Во Врховниот суд времетраењето на постапката во 90% случаи не траела повеќе од 1 до 2 месеца, а во исклучителни случаи до 3 месеци.

## 1.2.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во 2010 година во **Одделот за граѓански дела** имало вкупно во работа **2.491** предмет, од кои **861** нерешени предмети останати од претходните години и **1.630** новопримени предмети. Решени се **1.228**, а останале нерешени **1.263** предмети. Во извештајната година во споредба со претходната година, решени се **436** предмети помалку. Во споредба со 2009 година кога биле примени **1.346** предмети, приливот на нови предмети во 2010 година е зголемен за **284** предмети. Бројот на решените предмети во извештајната година е намален за **26,2%,** кога се решени вкупно **1.228** предмети, споредбено со претходната година кога биле решени вкупно **1.664** предмети.

На крајот на 2010 година споредено со 2009 година, бројот на нерешените предмети е зголемен за **402** предмети.






### 1.2.1.Структура на решени предмети

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2010 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ работни спорови **340** предмети или **29,7%**, потоа по основ надомест на штета **277** предмети или **24,2%,** по основ на долг **238** или **20,8%,** сопственост и владение **129** предмети или **11,4%**, за поништување и раскинување на договор **77** предмети или **6,7%**, за неосновано збогатување **31** или **2,7%**, за други спорови **21** предмет или **1,8%,** за издршка **11** предмети или **1%**, за развод на брак **11** предмети или **1%**, за станбени спорови **3** предмети или **0,3%** и за утврдување и оспорување на татковство **6** предмети или **0,5%**.

Причина за голем број на предмети по основот работен спор по вонреден правен лек од една страна претставува економската состојба во земјата, односно намалување на бројот на работници кај повеќе работодавачи како резултат на економски, структурални и слични промени и друго,како и можноста да се поднесе ревизија во овие спорови без оглед на вредноста на спорот кога се работи за отказ на работниот однос. По другите основи бројот на предметите се движи во рамки и вообичаени бројки како и во претходните години.

### 1.2.2.Начин на одлучување

**Ревизијата** како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на нивните права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети, **2.491** кои биле во работа во 2010 година по ревизија биле **2.398** предмети, односно **96,2%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.144** предмети, односно **47,7%.**

Од решените **1.144** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **676**, односно **59%**, преправени **100,** односно **8,8%**, укинати **124**, односно **10,8%**, отфрлени **210**, односно **18,3%** и на друг начин решени се **34**, односно **3%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** во 2008 година **49,2%,** во 2009 годниа **47,7%**, а во 2010 година **59%.** Од овие бројки се гледа дека

процентот на одбиените ревизии во 2010 година, како неосновани споредбено со претходната година е зголемен.

Состојбата кај **апелационите судови** по однос на **одбиените ревизии во 2010 година** изгледа вака:

- **Апелациониот суд Ск**опје од вкупно **692** решени ревизии, **415** ревизии биле одбиени како неосновани или **60%**, отфрлени **127** или **18,3%**;
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **246** предмети, **148** ревизии биле одбиени како неосновани или **60,1%**, отфрлени **48** или **16,2%**;
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **142** предмети, **88** ревизии биле одбиени како неосновани или **62%**,отфрлени **22** или **15,5%**;
- **Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **64** предмети, **25** ревизии биле одбиени како неосновани или **39%**, отфрлени **21** или **32,8%**.

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** во 2008 година **111 или 5,4%**, во 2009 година **118** или **7%**, а во 2010 година **100** или **8,7%.** Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е зголемено споредено со претходната извештајна година. Тоа значи дека нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на **преиначени ревизии во 2010 година** изгледа вака:

- **Апелационен суд Скопје** од вкупно **692** решени ревизии,
  биле преиначени **56** или **8%;**
- **Апелационен суд Битола** од вкупно **246** решени ревизии,
  биле преиначени **17** или **6,9%;**
- **Апелационен суд Штип** од вкупно **142** решени ревизии,
  преиначени се **18** ревизии или **12,6%** и
- **Апелационен суд Гостивар** од вкупно **64** решени ревизии,
  преиначени се **9** ревизии или **14%**.

Причините за укинувањето на судските одлуки, гледано низ бројчаните показатели изгледа вака: од вкупно **124** укинати одлуки, по основ суштествени

повреди на постапката се **108** или **87%**, а поради погрешна примена на материјалното право и со тоа нецелосно утврдена фактичка состојба **16** или **12,9%.** За утврдување на причините за ваквиот сооднос на укинати судски одлуки треба посебно истражување. Без оглед на резултатите од истражувањето, неодминлив е впечатокот дека треба да се работи на подобрување на квалитетот во работењето.

Резултатите по однос на **укинатите одлуки по Апелационите судови** се следни:

Апелационен суд Скопје од вкупно **692** предмети, **69** се укинати или **10%**;

Апелационен суд Битола од вкупно **246** предмети, **39** се укинати или **15,8%**;

Апелационен суд Штип од вкупно **142** предмети, **12** се укинати или **8,4%**;

Апелационен суд Гостивар од вкупно **64** предмети, **4** се укинати или **6,2%**.

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети кои му се ставени во надлежност. Така, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, биле во работа вкупно **93** предмети и од овие решени се **84** предмети, или **90,3%**, а останале нерешени **9** или **9,6%**.

**1.2.3.Траење на постапката**

Во 2010 година од вкупно решени **1.144** предмети по ревизија, траењето на постапката

- до 3 години кај **20** предмети,
- до 1 година кај **926** предмети,
- до 6 месеци кај **93** предмети,
- до 3 месеци кај **40** предмети,
- до 2 месеци кај **12** предмети и
- до 1 месец кај **53** предмети,

што значи најголем број на предмети биле решени во времетраење на постапката од 6 месеци до 1 година. Очигледно, за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд оди кон подобрување.

Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, околност која се очекува значително да се подобри во наредната година.

## 1.3.ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК

Во Одделот за судење во разумен рок, во текот на извештајната 2010 година, вкупно во работа биле **757** предмети по сите основи, од кои во текот на годината новопримени се **634** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **123** предмети.

Во текот на извештајната година судиите решиле **583** предмети, а на крајот на годината останале **174** предмети по сите основи.






**Во Одделот за судење во разумен рок советите во прв степен** во извештајната година имало вкупно во работа **548** предмети, од кои **123** предмети останале нерешени од 2009 година, а во 2010 година новопримени се **425** предмети. Од вкупниот број предмети во прв степен, решени се **396** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **152** предмети.

**1.3.1.Начин на одлучување на првостепените совети**

Следејќи ја работата на решавање на предметите на првостепените совети по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Од решените **396** предмети, **149** барања за заштита на правото на судење во разумен рок се уважени или **38%**, **111** барања се одбиени или **28%**, **131** барање се отфрлени или **33%**, а **5** барања биле решени на друг начин, со спојување на постапките или **1%**.

**1.3.2.Времетраење на постапката на првостепените совети**

Времетрањето на постапувањето на првостепените совети по изјавените барања за заштита на правото на судење во разумен рок, го опфаќа периодот од приемот на барањето во Врховниот суд до експедирање на првостепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените **396** предмети, во **116** предмети постапката е завршена до **1 месец**, во **102** предмети постапката е завршена за период од **1 до 3 месеци**, во **94** предмети постапката е завршена за период од **3 до 6 месеци**, а во **84** предмети постапката е завршена во период подолг од **6 месеци**.

**Во Одделот за судење во разумен рок, второстепениот совет** надлежен да одлучува по жалбите изјавени против решенијата на првостепените совети, во работа имал вкупно **209** предмети, од кои **187** решени предмети, а останале нерешени **22** предмети.

**1.3.3.Начин на одлучување на второстепениот совет**

Следејќи ја работата на решавање на предметите на второстепениот совет по кои постапувале судиите во Одделот за судење во разумен рок, состојбата е следна:

Во текот на 2010 година во работа биле **187** предмети по жалба, од кои **64** жалби се уважени или **34%, 116** жалби се одбиени или **62%, 6** жалби се отфрлени или **3%, 1** жалба е решена на друг начин односно **1%.**

### 1.3.4.Времетраење на постапката на второстепениот совет

Времетраењето на постапувањето на второстепениот совет надлежен за одлучување по жалбите изјавени против првостепените решенија, го опфаќа периодот од приемот на жалбата во Врховниот суд до експедирање на второстепеното решение на подносителот на барањето.

Од вкупно решените **187** предмети, во **175** предмети постапката е завршена за период од **1 месец**, во **11** предмети постапката е завршена за период до **1 до 3 месеци**, а во **1** предмет постапката е завршена за период до **4 месеци**.

## 1.4.СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ

Во текот на извештајната 2010 година, вкупно биле во работа **1.129** предмети по жалбите против пресуди на Управниот суд – УЖП, од кои **58** биле нерешени од претходната година (поради неутврдена надлежност на Судот) и **1.071** новопримени предмети. Решени се **632** предмети, а останале нешени **497** предмети.

Во истата година во работа биле вкупно **83** предмети по жалбите против одлуки на Управниот суд по барањата за донесување на времени мерки – УЖВМ. Решени се **81** предмет, а останале нерешени **2** предмети.

Во 2010 година од претходната година биле останати нерешени **13** предмети по барања за заштита на законитоста во управната постапка – УЗЗ (поради неутврдена надлежност на Судот) и **8** новопримени. Вкупно во работа биле **21** предмет, од кои **19** се решени, а останале нерешени **2** предмети.

Примено е **1** барање за повторување на управната постапка – УПП и истото е решено. Примени се **3** предмети УРП и истите се решени.

### 1.4.1.Траење на постапката

Сите предмети од специјализираните совети се решени во рамки на законските рокови до 1 месец. Единствено кај предметите по жалбите против пресуди на Управниот суд, поради големиот прилив, се констатира неможност сите да бидат завршени во рамки на кусите законски рокови, односно до 1 месец.

## II. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите)

Согласно со член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2010 година има одржано **8 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

-Разгледан е и усвоен Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2009 година.

-Информација во врска со спроведувањето на АКМИС програмата во Врховниот суд на Република Македонија.

-На проширена Општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2009 година.

-Усвоени се оценките и заклучоците на Врховниот суд на Република Македонија по извештаите за работа на судовите.

-Мислење за Распоредот за работа на Врховниот суд на Република Македонија за 2011 година.

-Донесена е одлука по барање за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија, против решението на Врховниот суд на Република Македонија – Совет за одлучување по жалби против решение на Судскиот совет на Република Македонија Дов.бр.18/09 од 5.03.2010 година.

-Формирани се Совети за одлучување по 4 жалби, изјавени против решенијата за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.

-Дадени се предлози до Судскиот совет на Република Македонија за зголемување на бројот на судиите во Врховниот суд на Република Македонија, во Апелациониот суд Скопје, Битола, Гостивар и Штип.

-Даден е предлог за времено упатување на судија од Основниот суд Гевгелија во Основниот суд Прилеп.

-Даден е предлог за зголемување на бројот на судиите во Вишиот управен суд.

-Предлог за времено упатување на двајца судии од Основниот суд Крива Паланка и Основниот суд Кратово во Основниот суд Скопје II Скопје.

-Формирани се комисии за мислење за оценување на Претседателот и судиите на Врховниот суд на Република Македонија.

-Усвојување на Правно мислење по рефератот на тема: "Одлуките на Врховниот суд на Република Македонија донесени во споровите заведени од заинтересираните лица како тужители согласно член 63 став 2 одЗаконот за денационализација – пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.42/2000) од 25.09.2009 година.

-Расправа по правно прашање за барање за заштита на законитоста, против одлуката на Врховниот суд на Република Македонија Рев.бр.361/2010.

-Усвоена исправка во Оценките и заклучоците по извештаите за работата на Основниот суд Кочани за 2009 година.

-Утврдување Начелно правно мислење по правното прашање за дозволеност на ревизијата против правосилно решени за противизвршување.

-Одлучување по барање за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија, против решението Дов.бр.18/09 од 5.03.2010 година, донесено од Врховниот суд на Република Македонија – Совет за одлучување по жалби против решение на Судскиот совет на Република Македонија.

-Назначување членови во Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители и нивни заменици.

## III. СЕДНИЦА НА СУДИИТЕ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

**Во Одделот за казниви дела во текот на 2010 година,** Претседателот на Судот и судии учествуваат во Комисијата за полагање на правосуден испит.

Судија на Врховниот суд бил претседател на Здружението на судиите на Република Македонија до месец Јуни 2010 година.

Судии на Врховниот суд се членови на Редакциски одбор, на Советот за заштита на сведоци, во Управниот одбор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Судиите од Одделот учествувале на повеќе семинари и тркалезни маси на тема: "Организиран криминал и мерките за сузбивање на корупцијата и конфискација на имот и имотна корист", "Правото на судење во разумен рок".

Судии од Одделот се коавтори на Прирачникот за унифицирана примена во казнената политика во изборните предмети, во соработка и техничка поддршка на ОБСЕ.

Судиите од Одделот учествувале во програмата за обука на обучувачи.

**Во текот на 2010 година Одделот за граѓански дела** според Програмата за работа за 2010 година, редовно одржувале седници на кои се расправало за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се договорени ставови, донесени правни мислења и заклучоци по истите.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, како и учество на дел од судиите како едукатори во Академијата за судии и јавни обвинители, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот.

Остварени се и посебни работни средби со одделите за граѓански дела на Апелационите судови на кои, освен редовната размена на мислења по правни прашања, посебно е расправано за дилемите околу примената на Законот за парничната постапка како и примена на Законот за работни односи.

**Во текот на работата на Одделот за судење во разумен рок во 2010 година,** биле одржани четири седници, на кои биле разгледувани актуелни прашања, меѓу кои особено за воедначување на праксата на праксата на Врховниот суд на Република Македонија со праксата на Европскиот суд за човекови права, во поглед на определувањето на висината на правичниот надоместок. Беа вршени анализи на усвоените барања, досудени надоместоци, времетраење на постапката водена пред судовите. Заради воедначување на судската пракса при одлучувањето по барањата, беше разгледувано прашањето за должникот и неговата способност да биде странка во постапката за заштита на правото на судење во разумен рок и критериумите кои треба да се земат предвид при утврдување на повреда на правото на судење во разумен рок во извршната постапка, во случаите кога подносителот на барањето е должникот. Прашањето за утврдување на времетраењето на извршната постапка како еден од критериумите за оцена за повреда на правото на судење во разумен рок, во предмети во кои постапаката е започната пред судовите, а потоа е продолжена пред извршител, особено дали периодот на водење на постапката пред извршител ќе се земе предвид во целокупното траење на постапката, беа утврдувани условите потребни за целосна ефикасност на правното средство – заштита на правото на судење во разумен рок. Прашањето за времетраење на постапувањето и одлучувањето на Врховниот суд на Република Македонија по

барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, на првостепениот и второстепениот совет. Биле разгледувани случаи заведени по жалби на македонски државјани против Република Македонија пред Судот во Стразбур, во смисла на следење и почитување на праксата на Европскиот суд за човекови права, беше разгледан и усвоен предлогот за дополнување на АКМИС уписникот во делот за предметите заведени во Врховниот суд по поднесени барања за заштита на правото на судење во разумен рок, согласно препораките за следење на судската пракса на Врховниот суд на Република Македонија и компатибилноста на таа пракса со судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, како и задачите на судиите, стручните соработници и судската администрација во врска со воведување на податоците во АКМИС уписникот.

Одделот во текот на работењето во 2010 година, имал честа комуникација и соработка со Министерството за правда – Владиниот агент, која се остварувала преку размена на податоци од работата на Одделот, во врска со поднесените барања за заштита на правото на судење во разумен рок и извештаите кои се поднесуваат по основ на ефикасноста на правното средство до ЕСЧП и Советот на Министри.

Одделот за судење во разумен рок редовно добива месечни извештаи од Судскиот буџетски совет, во врска со исплатата на досудените надоместоци, како и известување од судовите, за кои постои задолжение постапката за која е утврдена повреда на правото на судење во разумен рок, да завршат во определениот рок.

## IV. РАБОТА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТАВКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2010 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **825** поднесоци (уписник за претставки и поплаки и уписник УР Разно 12-барање за побрзо решавање на предметите и други барања.

Од вкупниот број на поднесоци, **286** се барања за побрзо решавање на предметите, **263** претставки и **276** други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **286** барања за приоритетно решавање на предмети, одобрил 98, одбил **61**, додека пак за останатите предметите веќе биле земени во работа.

По двата основи, во **8** случаи до Судот се обратил Народниот правобранител, во **20** случаи Министерството за правда, во **6** случаи Судскиот совет на Република Македонија и во **3** случаи Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, на донесените одлуки од страна на судовите, како и на работата и однесувањето на поедини судии и претседатели. По сите претставки, Врховниот суд постапувал во согласност со Законот за судовите и Судскиот деловник.

## ПОСЕТИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 27 до 29 јануари 2010 година, присуствуваше на традиционалната свеченост по повод Годишнината од официјалното отварање на Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија на покана на Претседателот на Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, од 22 до 25 февруари 2010 година во Хаг, Холандија, присуствуваше на Конференција на тема "Проценка на наследството", кое го спроведуваат Меѓународниот суд и другите тела на Обединетите нации и меѓународни организации за земјите од поранешна Југославија.

Во рамките на возвратна билатерална посета на Република Словачка, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија како дел од делегација на Република Македонија, во периодот од 27 до 30 април 2010 година оствари посета на Врховниот суд и други правосудни институции на Република Словачка.

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија од 21 до 22 јули 2010 година, присуствуваше на меѓународна конференција за претседатели на Врховни судови на тема "Судскиот интегритет", во организација на CEELI институтот во Прага, Република Чешка.

На покана на Претседателот на Врховниот суд на Црна Гора, од 6 до 8 септември 2010 година во Будва, делегација предводена од Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваше на Регионална

конференција за претседатели на Врховни судови и јавни обвинители на тема “Соработка во кривични предмети“.

Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

-Експертска мисија на Европската Комисија во рамките на имплементација на Проект ИПА 2007 година. Посетата беше реализирана со цел анализа на мерките кои се преземаат во обезбедувањето на независност на правосудниот систем, оценка на системот за имплементација на реформата во кривично законодавство, усогласеност на сите инволвирани институции, идентификација на конкретните постигнати резултати, како и планирање на идните проекти во рамките на ИПА комонентата 1 за областа правосудство.

-Во рамките на меѓународната соработка која Академијата за обука на судии и јавни обвинители ја остварува во Европската правосудна мрежа за обука, преку Програмата за обука на судии и јавни обвинители, Врховниот суд на Република Македонија во текот на годината го посетија две групи на судии и обвинители. Првата група на судии и обвинители од Естонија, Полска и Германија, а втората група судии и обвинители од Финска, Италија, Норвешка, Холандија, Словенија и Австрија. За време на средбата, судиите и обвинителите се запознаа со организационата поставеност на судскиот систем во Република Македонија, посебно со внатрешната организација и надлежностите на Врховниот суд на Република Македонија и постапувањето по новото правно средство, Барање за заштита на правото на судење во разумен рок.

-Шефот на Одделот за владеење на правото и советник од Мисијата на ОБСЕ, со цел разгледување на потребите и планирање на идните активности кои би можеле да се преземат со поддршка на Мисијата на ОБСЕ, како и презентирање на планот на ОБСЕ за организирање дебати за судиите од основните судови и апелационите судови Скопје, Битола, Штип и Гостивар, со цел размена на искуства во поглед на јакнење на независноста на судството.

-Делегација на УСАИД во Република Македонија заедно со консултант и Виш советник за владеење на правото на УСАИД од Вашингтон, за оценка на состојбите во судството и евалуација на проектот на УСАИД за имплементација на судските реформи, како и согледување на следните области во кои судството во Република Македонија ќе има потреба од понатамошна поддршка за периодот од 2011 до 2015 година.

-Согласно Програмата подготвена од Владата на Република Македонија, претставници на Оценска експертска мисија на Европската Комисија во полето на правда и внатрешни работи, како и претставници на Оценска мисија од областа на корупцијата, економски и финансиски криминал и перење на пари, оствarija посета во Врховниот суд на Република Македонија. Предмет на интерес на Оценските Мисии претставуваше реформата на судството и воспоставување независен, сигурен и ефикасен судски систем и проценка на националниот интегритет на Република Македонија, како земја кандидат за пристапување кон Европската Унија.

-Амбасадорот на Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија оствари посета во Врховниот суд на Република Македонија, посветена на меѓународната соработка и активностите и поддршката на Мисијата на ОБСЕ за развојот на судсвото во Република Македонија.

-Делегација на Светската банка од Вашингтон со претставници на Канцеларијата на Светска банка во Република Македонија, со цел запознавање со динамиката на реализирање на поединечните компоненти во рамките на Проектот за правна и правосудна имлементација и институционална поддршка.

-Амбасадорот на делегацијата на Европската Комисија на Европската Унија во Република Македонија. Средбата беше посветена на презентирање на Прогрес извештајот за Република Македонија во 2010 година, како и разгледување на стратегијата и идните главни предизвици за 2011 година, со цел започнување на пристапните преговори за членство во Европската Унија.

## V. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.**Во Врховниот суд на Република Македонија во 2010 година биле вкупно во работа **5.404** предмети по сите основи, што претставува значително зголемен прилив на предмети споредено со 2009 година, кога вкупно во работа по сите основи биле **3.950** предмети. До крајот на извештајната година решени се вкупно **3.467** предмети по сите основи, а останале нерешени **1.937** предмети.

**2.Одделот за казниви дела** извештајната 2010 година ја завршил како ефикасен. Во 2010 година во работа биле вкупно **923** предмети. Во текот на годината решени се **824** предмети, а останале нерешени **99** предмети. Остатокот од **99** нерешени предмети се должи на поголемиот прилив на предмети и сложеноста на предметите.

**3.Одделот за граѓански дела** извештајната 2010 година ја завршил како ефикасен. Во 2010 година вкупно во работа биле **2.491** предмет. Во текот на годината решени се **1.228** предмети, а останале нерешени **1.263** предмети од вкупно примените во текот на годината. Споредено со 2009 година, бројот на нерешени предмети е намален за **402** предмети, меѓутоа зголемен е приливот на предмети споредено со 2009 година за **284** предмети. Причината за ваквата состојба е фактот дека во Одделот во текот на извештајната година беше намален бројот на судиите и советниците, а кои покрај работата во Одделот, беа распоредени и постапувале по предмети и од друга материја (во Одделот за судење во разумен рок и специјализирани совети), во совет по жалби на одлуки на Управниот суд, како и дополнителното упразнување на едно судиско место поради пензионирање на еден судија.

**4.Одделот за судење во разумен рок** извештајната 2010 година ја завршил како ефикасен.

Првостепените совети од вкупно **548** предмети во работа во текот на годината, решил **396** предмети.

Второстепениот совет кој е надлежен да одлучува по жалбите изјавени против првостепените решенија, во текот на годината имал вкупно во работа **209** предмети, а од нив решени се **187** предмети.

**5.Специјализираните совети** кои постапувале по жалбите против одлуките на Управниот суд, по жалбите против одлуките на Управниот суд по барањата за донесување времени мерки и барања за заштита на законитоста во управна постапка, од вкупно **1.233** предмети по сите основи, решиле **732** предмети, а останале нерешени **501** предмет. Ваквата состојба се должи на исклучително зголемениот прилив на предмети по сите основи во оваа област.

**6.**Врховниот суд на Република Македонија ќе ја продолжи праксата за донесување начелни ставови и начелни правни мислења и изработка на сентенци кои ќе бидат одобрени на седница на одделите, заради објавување на Web страницата на Врховниот суд на Република Македонија.

Врховниот суд на Република Македонија и во иднина ќе продолжи со објавување на анонимизираните одлуки на сите совети, со цел да бидат достапни до пошироката јавност преку Web страната на Судот.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**